# ЗАКОН

## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО "ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНОВИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ НА ЛИЦА СО НИСКИ ПРИХОДИ"

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Банката за развој при Советот на Европа со заем во износ од 15 милиони евра, за финансирање на "Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лицата со ниски приходи".

### Член 2

Со средствата од заемот ќе се реализира дел од Програмата на Владата на Република Македонија за изградба на 10.000 социјални станови, кои ќе издаваат на лицата со ниски приходи и младите брачни парови.

Распределбата на становите од член 1 на овој закон, ќе ја врши комисијата формирана од страна на Владата на Република Македонија, под услови и критериуми кои ќе ги утврди Владата на Република Македонија со посебен пропис.

### Член 3

Условите и начинот на користење на средствата од заемот од член 1, од овој закон, се утврдуваат со договор за заем по Проектот за изградба на социјални станови кои ќе се издаваат на лицата со ниски приходи, што ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа.

Во име на Република Македонија, договорот за заем од став 1 од овој член, ќе го потпише министерот за финансии , или друго лице овластено од страна на Владата на Република Македонија.

### Член 4

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, во кој е вклучен и грејс период од 5 години.

Каматната стапка ќе се утврдува на денот на повлекувањето на средствата од заемот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или променлива).

## Член 5

Проектот ќе го реализира Министерството за урбанизам и градежништво[1] преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор и Министерството за труд и социјална политика.

## Член 6

Република Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

[1] По донесувањето на Законот за организација и работа на органите на државната управа, надлежностите преминаа во рамките на Министерството за транспорт и врски